Macedonian | Македонски

# Донесувајте безбедни одлуки за време на поплава




## Проверете ги најновите предупредувања

Посетете ја **веб-страницата на SES на Нов Јужен Велс** за најнови информации.

Проверете ја апликацијата **„Hazards Near Me“ (Опасности во моја близина)**.

Слушајте радио и телевизија за информации, најнови вести и совети.

Споделете информации за поплавите со семејството, пријателите и соседите.

## Следете ги локалните состојби




На **веб-страницата Live Traffic** проверете дали има затворени патишта.




Останете подалеку од поплавените подрачја.

## Дејствувајте безбедно

- Следете ги сите совети од службите за вонредни ситуации.
- Никогаш не одете и не возете низ надојдена вода. Никогаш не играјте во надојдена вода.
- Одете на безбедно место што сте го идентификувале надвор од зоната на ризик од поплави или во центар за евакуација.

## Премногу доцна за заминување

Ако сте заглавени во поплава, побарајте засолниште во највисокиот дел на цврста зграда или на повисоко место и јавете се на **три нули (000)** за спасување. Оваа ситуација е опасна по живот.

Во ситуации опасни по животот, **јавете се на три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500.**

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES NSWSES NSWSES